# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ

| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Прток Септември 2023 година Број 16/2023 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 4023005116486 |
|---|---|---|

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за прогласување итност на 35-та седница на Советот на Општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам одлуката за прогласување итност на 35-та седница на Советот на Општина Радовиш, бр.08-1378/1,

што ја донесе советот на Општина Радовиш на седница одржана на 15.09.2023 година

Број 09-1378/2 Градоначалник
Дата 15.09.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 40 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 53 од Деловникот за работа ,

Советот на општина Радовиш на итна XXXV седница одржана на 15.09.2023 година, донесе

О Д Л У К А
за прогласување итност на 35-та седница на Советот на Општина Радовиш

член 1

Со оваа Одлука се прогласува итност на 35-та седница на Советот на Општина Радовиш одржана на 15.09.2023 година со цел донесување на Одлука за изработка и имплементација на проектот „Зелена прекугранична хармонија”-Green cross-border harmony.

член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1378/1 Совет на општина Радовиш
Дата 15.09.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за изработка и имплементација на проект
„Зелена прекугранична хармонија“ – Green cross-border harmony

Ја прогласувам и објавувам одлуката за изработка и имплементација на проект „Зелена прекугранична хармонија“ –Green cross-border harmony, бр.08-1379/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 15.09.2023 година.

Број 09-1379/2 Градоначалник
Дата 15.09.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Согласно на членовите 1, 11, 22, 36 и 50 од Законот за локална самоуправа, (Сл. Весник на РСМ бр.5/2002), членовите 3, 15 и 16 од Статутот на Општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XXXV седница одржана на 15.09.2023 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за изработка и имплементација на проект „Зелена прекугранична хармонија“ – Green cross-border harmony**

**Член 1**

Се дава поддршка за изработка и имплементација на проект **„Зелена прекугранична хармонија“ – Green cross-border harmony**, со кој Општина Радовиш ќе аплицира за добивање средства преку Повикот за инвестициски проекти ref. No 2021TC16IPCB007 – 2023-3, на Интеррег VI-А ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Бугарија – Република Северна Македонија.

**Член 2**

Партнери во проектот се Општина Радовиш и Центарот за развој на Југоисточниот плански регион – Струмица, од Република Северна Македонија и општина Јакоруда, од Република Бугарија.

**Член 3**

Проектот ќе се аплицира во Приоритет 1 – „Позелен пограничен регион“, Специфична цел 1.1 – „Подобрување на заштитата и зачувувањето на природата, биодиверзитетот и зелената инфраструктура, вклучително и во урбаните области и намалување на сите форми на загадување“.

**Член 4**

Општина Радовиш ќе ги обезбеди неопходните ресурси: човечки, финансиски, технички и материјални, за изработка и имплементација на овој проект, согласно националното законодавство и барањата и условите на Програмата.

**Член 5**

Општина Радовиш се обврзува дека ќе обезбеди одржливост на проектните резултати, најмалку 5 (пет) години по завршување на проектот.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување а ќе биде објавена во “Службен гласник на општина Радовиш”.

Број 08-1379/1 Совет на општина Радовиш
Дата 15.09.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Содржина:

-Решение за прогласување и објавување на Одлука за прогласување итност на 35-та седница на Советот на Општина Радовиш-----------------------------------------------------------1
-Одлука за прогласување итност на 35-та седница на Советот на Општина Радовиш-----------------------------------------------------------1
-Решение за прогласување и објавување на Одлука за изработка и имплементација на проект „Зелена прекугранична хармонија“ – Green cross-border harmony--1
-Одлука за изработка и имплементација на проект „Зелена прекугранична хармонија“ – Green cross-border harmony------------------2